# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТЕХНИЧКАТА ИНСПЕКЦИЈА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.41 од 27.02.2014 година**

**Член 1**

Во Законот за техничката инспекција („Службен весник на Република Македонија“ број 88/2008, 119/10, 36/11, 136/11 и 164/13), во членот 10 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи

“За именување на директор на Инспекторатот се објавува јавен оглас во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.”

Ставот 2 кој станува став 3 се менува и гласи :

„За директор на Инспекторатот може да бидат именувано лице кои ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на машинството, електротехниката или друга соодветна област поврзана со надлежностите од членот 5 од овој закон;

4) има минимум пет години работно искуство;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и

6) има положено психолошки тест и тест за интегритет.“

**Член 2**

Членот 16 се брише.

**Член 3**

Директорот на Инспекторатот именуван до денот на започнувањето на примената на членот 1 од овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

**Член 4**

Одредбите од членот 1 од овој закон кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Одредбите од членот 2 на овој закон ќе започнат да се применуваат од 1јули 2014 година.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.